***СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНАТА ШТИП***

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на<br>Општината Штип<br>Излегува по потреба | Број 10<br>22 јуни 2007 година<br>Ш т и п | ГОДИНА XLIV |


158.

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02, член 98-а став 10 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 55/05, 81/05 и 35/06) и член 51 став 3 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), градоначалникот на Општината Штип на **12 јуни 2007 година**, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА
## ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП

1. За директор на Основното училиште "Гоце Делчев" - Штип **се избира Донче Стојанов**, наставник по физичко и здравствено образование и досегашен директор на училиштето.
2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

### О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 98-а став 10 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 55/05, 81/05 и 35/06) градоначалникот на Општината во рок од 15 дена од денот на добивањето на предлогот од Училишниот одбор на основното училиште избра директор.

Имајќи го во предвид напред наведеното се одлучи како во диспозитивот на Решението.

**Упатство за правно средство**:

Кандидатите кои не се избрани, во рок од осум дена од денот на приемот на Решението на градоначалникот, имаат право на жалба во однос на спроведувањето на постапката на избор на директор до Второстепената комисија на Владата надлежна за решавање на прашања од областа на работните односи.

| | |
|---|---|
| Број 04-1840/2 | Градоначалник |
| 12 јуни 2007 година | на Општината Штип, |
| Ш т и п | Панде Сарев, с. р. |

159.

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 50/02), член 19-а став 1, 2, 3 и 4 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" број 38/96, 6/02, 40/03, 49/06 и 22/07) и член 51 став 3 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), градоначалникот на Општината Штип на **20 јуни 2007 година**, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНО-ПРОИЗВОДНИ И УСЛУЖНИ РАБОТИ "ИСАР"-ШТИП

1. За директор на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни работи "Исар"-Штип **се избира Симеонче Донев**, досегашен шеф на книговодство во ЈП "Исар".
2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

### О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 19-а од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" број 38/96, 6/02, 40/03, 49/06 и 22/07) градоначалникот на Општината распишува јавен конкурс за избор на директор на јавното претпријатие. Од формално-правен аспект пристигнатите пријави по конкурсот ги разледува комисија формирана од градоначалникот.

Во рок од 15 дена од денот на добивањето на записникот од Комисијата градоначалникот избира директор.

Имајќи го во предвид напред наведеното согласно член 19а став 3 од истиот закон се одлучи како во диспозитивот на Решението.

**Упатство за правно средство**:

Кандидатите кои не се избрани, во рок од осум дена од денот на приемот на Решението на градоначалникот, имаат право на жалба во однос на спроведувањето на постапката на избор на директор до Второстепената комисија на Владата надлежна за решавање на прашања од областа на работните односи.

Број 04-1672/6
20 јуни 2007 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

## С О Д Р Ж И Н А


| Р.б. | | страна/број |
|---|---|---|
| 158. | Решение за избор на директор на Основното училиште "Гоце Делчев"-Штип | 227/10 |
| 159. | Решение за избор на директор на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни работи "Исар"-Штип | 228/10 |